**ДОМАШНА ПАЛИЈАТИВНА НЕГА**

## Што ние работиме?

Banksia Palliative Care Service пружа нега на лица кои имаат некоја неизлечива болест, со тоа што им укажува поддршка во нивните домови или во установи за грижа за стари лица.

## Колку тоа чини?

Услугите на Banksia се бесплатни. Ако ви треба дополнителна медицинска нега или треба да изнајмите некоја опрема, тоа може да се наплатува.

## Кој може да ги користи услугите на Banksia?

Секој, на која и да е возраст, што живее во североисточниот дел на Мелбурн, во општините **Banyule, Nillumbik** или **Whittlesea**, и кој има некоја неизлечива болст.

## Како да контактирате со нас?

Телефонскиот број на Banksia е 9497 2100. Може да ни се јавите во работно време од понеделник до петок. Ако им дозволите, може да ни телефонира и некој член на семејството, пријател или доктор.

Ако не разбирате англиски, само речете ни го (на англиски) вашиот телефонски број и јазикот што го зборувате, и ние ќе ви се јавиме со телефонски преведувач.

# ☎ 9497 2100

## Нашите услуги вклучуваат:

- поддршка од специјализирани медицински сестри и социјални работници
- справување со болка
- поддршка за целото семејство, вклучувајќи ги децата
- масажа, уметност и музичка терапија
- доброволци кои може да помогнат со починка или превоз
- тесни професионални врски со вашиот локален доктор и специјалисти
- упати за други комунални услуги, како

## Преведување

Ако не разбирате англиски, може да се организира заедно со некој член на персоналот да дојде и преведувач. Преведувачките услуги се бесплатни.

## Доверливост

Без ваша дозвола нашиот персонал нема да разговара со никого за вашите приватни информации.

**English - Macedonian**

Македонски – Англиски



# BANKSIA

**Palliative Care Service Inc.**


Suite 4, 50 Upper Heidelberg Road
P.O. Box 252
Ivanhoe 3079
**Telephone ☎ 9497 2100**
Email: banksia@banksiapalliative.com.au
Website: www.banksiapalliative.com.au